Врз основа на член 384 од ЗТД, Управниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 12.05.2015 год. донесе:

# О Д Л У К А

## ЗА СВИКУВАЊЕ НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

1. Да се свика годишно собрание на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица .
   Собранието да се одржи на ден 05.06.2015 година (петок), со почеток во 8 часот, во просториите на АД за Неметали "Огражден" Струмица на ул. "Маршал Тито" бр. 239.
   Собранието на акционери да работи со следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

I Процедурален дел:

1. Утврдување на кворум за работа на Собранието
2. Избор на 1(еден) бројач на гласови
3. Избор на претседавач на Собранието

II Работен дел:

1. Разгледување и усвојување на извештајот за работењето на друштвото за 2014 год.
2. Разгледување и усвојување на годишната сметка на друштвото за 2014 год.
3. Разгледување на извештајот за работењето на службата за внатрешна ревизија за 2014 год.
4. Разгледување на извештајот за економско - финансиската ревизија на друштвото за 2014 год.
5. Донесување одлука за распределба на искажаната добивка по годишната сметка за 2014.
6. Донесување одлука за одобрување на работата на Управниот и Надзорниот одбор на друштвото.
7. Донесување одлука за стекнување сопствени акции со откуп
8. Донесување одлука за продажба на недвижен имот.
9. Избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи за деловната 2015 година.

2. Се задолжува Општоправниот сектор да спроведе постапка за огласување на јавен повик за одржување на годишното собрание на акционери и истиот да биде објавен во дневниот печат и на официјалната интернет страна на друштвото.
3. Оваа Одлука стапува на снага со денот на донесувањето.

Претседател на У.О.
Маџунков Аристид

Ве молиме преку Вашиот ценет весник да биде емитуван следниот повик:

Врз основа на член 384, 387 став 3, 388, 388-а и 388-б од ЗТД, Управниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица ОБЈАВУВА:

**П О В И К**

За свикување на годишно собрание на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица за ден 05.06.2015 год. (ПЕТОК) со почеток во 08 часот, а со следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

I Процедурален дел:

1. Утврдување на кворум за работа на Собранието
2. Избор на 1(еден) бројач на гласови
3. Избор на претседавач на Собранието

II Работен дел:

1. Разгледување и усвојување на извештајот за работењето на друштвото за 2014 год.
2. Разгледување и усвојување на годишната сметка на друштвото за 2014 год.
3. Разгледување на извештајот за работењето на службата за внатрешна ревизија за 2014 год.
4. Разгледување на извештајот за економско - финансиската ревизија на друштвото за 2014 год.
5. Донесување одлука за распределба на искажаната добивка по годишната сметка за 2014.
6. Донесување одлука за одобрување на работата на Управниот и Надзорниот одбор на друштвото.
7. Донесување одлука за стекнување сопствени акции со откуп
8. Донесување одлука за продажба на недвижен имот.
9. Избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи за деловната 2015 година.

Годишното собранието ке се одржи во просториите на АД за Неметали "Огражден" Струмица на ул. "Маршал Тито" бр. 239.

Право на присуство, учество во работата и одлучувањето на годишното собранието имаат сите акционери кои се евидентирани во Акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Македонија, односно со полномошно заверено кај нотар.

Материјалите за работа на годишното собрание ке бидат достапни на официјалната интернет страница на АД за Неметали "Огражден" Струмица и во просториите на АД за Неметали "Огражден" Струмица на ул. "Маршал Тито" бр. 239 секој работен ден од 13 - 15 часот.

АД за неметали
"Огражден" Струмица

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АД ЗА НЕМЕТАЛИ "ОГРАЖДЕН" СТРУМИЦА**

**ЗА 2014 год.**

**ИЗВЕШТАЈ ОД ПРОИЗВОДСТВО**




1.Автоматски млин (мелен фелдспат- 2013/2014, изразено во 1*1000 тони)

2.Хамзали (фелдспат- 2013/2104,изразено во 1*1000 тони)

3.Мемешли (мермер- 2013/2014, изразено во 1*1000 тони

4.Микромелница ( мелен мермер- 2013/2014 ,изразено во 1*1000 тони)

5.Погон за суви градежни производи ( 2013/2014 изразено во 1*1000 тони)

## **КОМЕРЦИЈАЛЕН ИЗВЕШТАЈ - 2014**

на АД за неметали Огражден и Огражден Микромикс -Струмица -2014год.

Во 2014год. Ад за неметали Огражден има остварено вкупна реализација од 60.652.611,00 ден. врз основа на продажба на суровини и тоа: 17731,46т мелен фелдспат (дин30; дин80; 0-4мм ; 0-8мм) ; 28860,90т сепариран песок – тампон , дробен варовник, варовник , бела руда и 49.902.522,00ден. од продажба на 6811.346т готови производи.

Во Огражден Микромикс дооел остварена е вкупна реализација од 10.318.415,00ден. од продажба на 6768,88т калциум карбонат.

Резултатите од реализацијата покажуваат раст и квантитативно и финансиски споредено со 2013г. и се во рамките на проектираните годишни планови за 2014г.

Споредените резултати 2014/2013г. квантитативно покажуват кај фелдспатот индекс - 115; сепариран песок индекс - 111; готови производи индекс- 99, калциум карбонат -85 .

Финансиските показатели 2014/2013г. покажуват кај фелдспатот и сепарираниот песок индекс 107; кај готовите производи индекс- 102 и кај калциум карбонат индекс – 66.

Продажбата на суровините и готовите производи во 2014г. во однос на домашниот и ино-пазарите покажува дека:

Реализацијата на фелдспатот беше 100% наменета за пазарите во странство за познати купувачи. Во структура 75%-Србија; 9 %-Бугарија; 8%-Словенија;7% Хрватска и останатите 1% -Унгарија. Продажбата на готовите производи е 90% за домашен пазар / 10% извоз, а калциум карбонататот бележи 100% реализација на домашен пазар.

Просечните продажни цени за 2014год. се во рамките на плановите за комерцијалното работење без позначителни промени во однос на 2013г.

**АД за Неметали**
**"Огражден" Струмица**
**Управен одбор,**

____________________________

Врз основа на член 384 од Законот за трговските друштва, Управниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 12.05.2015 година донесе

# **О Д Л У К А**

1. Се УСВОЈУВА годишниот извештај за работењето на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2014 година.

2. Годишниот извештај за работењето на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2014 година да се стави на предходно усвојување на Надзорниот одбор на АД за неметали "Огражден" Струмица а потоа на одобрување на годишното Собрание на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица.

3. Оваа одлука стапува на снага со денот на донесувањето.

Претседател на У.О

Маџунков Аристид

Врз основа на член 380 од Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 12.05.2015 година донесе

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

1. Се УСВОЈУВА годишниот извештај за работењето на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2014 година.

2. Годишниот извештај за работењето на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2014 година да се стави на одобрување на годишното Собрание на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица.

3. Оваа одлука стапува на снага со денот на донесувањето.

Претседател на Н.О

Туфекчиев Горге

# И З В Е Ш Т А Ј

за резултатот за период 01.01.-31.12.2014

Во текот на периодот, АД за неметали Огражден Струмица ги оствари следниве расходи:

| Рб. | Опис | 2014 | 2013 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Потрошени суровини и материјали | 54,072,504 | 56,778,071 | 95 |
| 2 | Услуги | 10,241,572 | 6,693,133 | 153 |
| 3 | Амортизација | 11,935,045 | 9,432,101 | 127 |
| 4 | Дневници и трошоци за службен пат | 3,754,646 | 4,449,712 | 84 |
| 5 | Репрезентација,спонзорство и пропаганда | 753,394 | 1,278,338 | 59 |
| 6 | Осигурување | 599,633 | 271,495 | 221 |
| 7 | Банкарски услуги | 3,433,275 | 583,376 | 589 |
| 8 | Останати трошоци од работење | 17,078,479 | 1,159,488 | 1473 |
| 9 | Други нематеријални трошоци | 3,982,247 | 2,714,204 | 147 |
| 10 | Нето плати | 13,774,954 | 14,294,340 | 96 |
| 11 | Придонеси и даноци по вработени | 5,180,007 | 5,531,287 | 94 |
| 12 | Други трошоци по вработени | 977,636 | 175,503 | 557 |
| 13 | Камати и курсни разлики | 5,882,953 | 8,337,935 | 71 |
| 14 | Набавна вредн.на продадени стоки | 10,989,345 | 16,490,455 | 67 |
| 15 | Промена во вредноста на залихите | 1,274,045 | 1,647,032 | 77 |
| | Вкупно расходи | **143,929,735** | **129,836,470** | 111 |

Остварени приходи во текот периодот:

| Рб | Опис | 2014 | 2013 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од продажба во земјата | 76,283,993 | 80,621,453 | 95 |
| 2 | Приходи од продажба во странство | 38,056,386 | 37,794,095 | 101 |
| 3 | Приход од употреба на сопств.пр. | 5,023,282 | 2,572,903 | 195 |
| 4 | Останати деловни приходи | 24,338,061 | 9,275,906 | 262 |
| 5 | Приходи од камати и курсни ралики | 561,809 | 47,779 | 1,176 |
| | Вкупно приходи | **144,263,531** | **130,312,136** | 111 |
| | Вкупно расходи | **143,929,735** | **129,836,470** | 111 |
| | Добивка пред оданочување | **333,796** | **475,666** | 70 |
| | Данок од добивка | **75,421** | **107,315** | 70 |
| | Нето добивка | **258,375** | **368,351** | 70 |

ФИНАНСОВ СЕКТОР

# К О Н С О Л И Д И Р А Н   И З В Е Ш Т А Ј

за резултатот за период 01.01.-31.12.2014

Во текот на периодот, АД за неметали Огражден Струмица и Огражден-Микромикс ДООЕЛ ги оствариja следниве расходи:

| Рб. | Опис | 2014 | 2013 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Потрошени суровини и материјали | 59,605,345 | 63,324,886 | 94 |
| 2 | Услуги | 11,034,976 | 9,686,748 | 114 |
| 3 | Амортизација | 13,335,943 | 10,203,234 | 131 |
| 4 | Дневници и трошоци за службен пат | 3,809,168 | 4,566,953 | 83 |
| 5 | Репрезентација,спонзорство и пропаганда | 783,652 | 1,358,999 | 58 |
| 6 | Осигурување | 658,986 | 271,495 | 243 |
| 7 | Банкарски услуги | 3,462,656 | 625,607 | 553 |
| 8 | Останати трошоци од работење | 17,318,887 | 1,256,693 | 1378 |
| 9 | Други нематеријални трошоци | 4,050,668 | 2,755,163 | 147 |
| 10 | Нето плати | 16,591,892 | 17,502,342 | 95 |
| 11 | Придонеси и даноци по вработени | 6,504,035 | 7,025,558 | 93 |
| 12 | Други трошоци по вработени | 1,122,635 | 189,703 | 592 |
| 13 | Камати и курсни разлики | 5,910,355 | 8,375,730 | 71 |
| 14 | Набавна вредн.на продадени стоки | 11,268,664 | 17,595,154 | 64 |
| 15 | Промена во вредноста на залихите | 1,287,968 | 2,526,829 | 51 |
| | Вкупно расходи | **156,745,830** | **147,265,094** | 106 |

Остварени приходи во текот периодот:

| Рб | Опис | 2014 | 2013 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од продажба во земјата | 87,766,210 | 94,426,528 | 93 |
| 2 | Приходи од продажба во странство | 38,183,731 | 41,438,237 | 92 |
| 3 | Приход од употреба на сопств.пр. | 5,023,282 | 2,572,903 | 195 |
| 4 | Останати деловни приходи | 25,672,383 | 9,293,431 | 276 |
| 5 | Приходи од камати и курсни ралики | 561,886 | 50,468 | 1,113 |
| | Вкупно приходи | **157,207,492** | **147,781,567** | 106 |
| | Вкупно расходи | **156,745,830** | **147,265,094** | 106 |
| | Добивка пред оданочување | **461,662** | **516,473** | 89 |
| | Данок од добивка | **75,421** | **109,700** | 69 |
| | Нето добивка | **386,241** | **406,773** | 95 |

ФИНАНСОВ СЕКТОР

Врз основа на член 384 од Законот за трговските друштва, Управниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 24.02.2015 година донесе

**О Д Л У К А**

1. Се УСВОЈУВААТ годишната сметка за 2014 година и финансиските извештаи за работењето на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2014 година.

2. Годишната сметка за 2014 година и финансиските извештаи за работењето на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2014 година да се стават на предходно усвојување на Надзорниот одбор на АД за неметали "Огражден" Струмица а потоа на одобрување на годишното Собрание на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица.

3. Оваа одлука стапува на снага со денот на донесувањето.

Претседател на У.О

Маџунков Аристид

Врз основа на член 380 од Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 12.05.2015 година донесе

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**

1. Се УСВОЈУВА годишната сметка и финансиските извештаи за работењето на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2014 година.

2. Годишната сметка и финансиските извештаи за 2014 година за работењето на АД за Неметали "Огражден" Струмица да се стават на одобрување на годишното Собрание на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица.

3. Оваа одлука стапува на снага со денот на донесувањето.

Претседател на Н.О

Туфекчиев Горге

**До**
**Собрание на акционери при**
**АД за Неметали**
**“ Огражден” Струмица**

**ИЗВЕШТАЈ**
**за работата на Службата за Внатрешна ревизија на АД за Неметали “Огражден” Струмица за деловната 2014 година**

Согласно одредбите од Законот за Трговски Друштва утврдена е обврска според која акционерските друштва кои имаат посебни обврски за известување се должни да организираат Служба за внатрешна ревизија како независна организациона единица во друштвото.

Организациска поставеност, права, одговорности и односи со другите организациски единици на друштвото и назначување на раководител на Службата за внатрешна ревизија ги уредува органот на надзор.

Внатрешната ревизија врши постојана и целосна ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на друштвото преку: оценка на адекватноста и ефикасноста на системот на внатрешна контрола, оценка на точноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи, проверка на точноста, веродостојноста и навременоста во известувањето согласно прописите, усогласеноста со интерните политики и процедури на друштвото, законите и регулативата што се во сила, како и на општата ефикасност во работењето на друштвото.

Спроведувањето на ревизијата, внатрешниот ревизор ја вршеше во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија кои бараат извршување на ревизијата на начин кој овозможува разумно уверување дека во финансиските извештаи и работењето на компанијата нема погрешни прикази од материјално значење. Внатрешниот ревизор во овој период ревизијата ја насочи кон проверка на изворната документација и ја насочи својата работа кон стекнување на контролно уверување преку идентификација и тестирање на контролни активности и прибирање ревизорски докази.

Спроведените ревизорски прегледи генерално се извршени во рамки на планираното време со мали отстапувања.

Изминатата 2014 година Службата за внатрешна ревизија своите активности ги насочи кон оценка на мониторинг на процес на управување со готовина и оценка на контролните точки во текот на документацијата како и нивно соодветно евидентирање во сметководствената евиденција, начин на користење на службени возила, водење евидентни листови и нивно навремено предавање, контрола на расходите поврзани со возниот парк и механизација, контрола на транспортните услуги, трошоците направени за извршени услуги за одржување, ревизија на контролните активности во делот на деловни односи со купувачите, правилна испорака на стоката, навремено пресметување и испорака на фактурите, наплата и побарувања, редовно потврдување на состојбата со поголемите комитенти, одобрувања попусти и нивната оправданост, контрола на складирање и сортирање на стоката,

присуство на работници на работа, изостанувања од работа и причини за истите, како и контрола на излегувања од работа во тек на работно време, контрола на искористување на работно време, остварени резултати, нормирање, контрола на исплата на вработени по пропишани стапки, точност и прецизност во исплатите и одбитоците, придржување кон релевантните законски прописи, точност во пресметката на додатоци и одбитоци, соодветност и исправност на исплатни листи за плати.

<u>Мислење:</u>

Внатрешната ревизија го потврдува стекнатото разумно убедување дека интерниот контролен систем на друштвото е во најголем дел адекватно имплементиран во насока на минимизирање на значајните материјални ризици и ефикасно и доследно спроведување на законската регулатива и процедури на друштвото.

Ова мислење се издава врз основа на поединечните ревизорски прегледи извршени преку проверка и контрола на избрани примероци, набљудување на процеси и интервјуа.

Како составен дел од ревизијата беа идентификувани одредени слабостите и дадени препораки, насоки, упатства и рокови за имплементација на посочените слабости. Идентификуваните наоди/препораки се од оперативен и нискоризичен карактер и немаат материјално значење. Раководството/одговорните лица ги прифатија скоро во целост дадените препораки и во тек е нивна имплементација.

Службата за внатрешна ревизија ја следи имплементацијата на дадените препораки.

Служба за Внатрешна ревизија

Врз основа на член 415-в, точка 1 и 4 од Законот за трговските друштва, Управниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 12.05.2015 година донесе

**О Д Л У К А**

1. Се УСВОЈУВА Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2014 година.

2. Извештајот за работењето на Службата за внатрешна ревизија на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2014 година да се стави на предходно одобрување на Надзорниот одбор на АД за неметали "Огражден" Струмица а потоа на разгледување на годишното Собрание на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица.

3. Оваа одлука стапува на снага со денот на донесувањето.

Претседател на У.О

Маџунков Аристид

Врз основа на член 415-в, точка 1 и 4 од Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 12.05.2015 година донесе

**ОДЛУКА**

1. Се ОДОБРУВА Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2014 година.

2. Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2014 година да се стави на разгледување на годишното Собрание на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица.

3. Оваа одлука стапува на снага со денот на донесувањето.

Претседател на Н.О

Туфекчиев Горге

Врз основа на член 383  и 483 од Законот за трговски друштва, Управниот одбор на АД за Неметали "Ограждeн" Струмица на седницата одржана на ден 12.05.2015 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за распоредување на добивката**

1. Искажаната нето добивка за 2014 година во износ од 258.375,00 денари се распоредува во нераспределена добивка.
2. Искажаната нето добивката во износ од 258.375,00 денари да се стави на предходно усвојување на Надзорниот одбор на АД за неметали "Ограждeн" Струмица, а потоа да се стави на одобрување на Годишното собрание на акционери на АД за Неметали "Ограждeн" Струмица.
3. Оваа Одлука стапува на снага со денот на донесувањето.

Претседател на У.О

Маџунков Аристид

Врз основа на член 383  и 483 од Законот за трговски друштва Надзорниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 12.05.2015 година донесе:

# **П Р Е Д Л О Г     О Д Л У К А**

**за распоредување на добивката**

1. Искажаната нето добивка за 2014 година во износ од 258.375,00 денари се распоредува во нераспределена добивка.
2. Искажаната нето добивката во износ од 258.375,00 денари да се стави на одобрување на Годишното собрание на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица.
3. Оваа Одлука стапува на снага со денот на донесувањето.

Претседател на Н.О

Туфекчиев Горге

**До**
**Собрание на акционери при**
**АД за Неметали**
**"Огражден" Струмица**

# <u>И З В Е Ш Т А Ј</u>

## за работата на Управниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица за деловната 2014 година

Управниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица во состав: Маџунков Аристид, Претседател, со членовите: Баџаков Александар, Гошева Кристина, Партенов Зоран и Горгиев Димитар, а секогаш во присуство на Претседателот на Надзорниот одбор Туфекчиев Горге, Претседателот на Извршниот одбор на синдикатот на АД за Неметали "Огражден" Струмица Мицев Митко, а по потреба, во зависност од областа на ставените прашања на дневен ред и во поширок состав на стручниот колегиум, во 2014 година, одржал вкупно 12 состаноци.

Состаноците секогаш се одржувале со потребниот кворум, а одлуките се носеле претежно едногласно, а во некои случаи со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.

На состаноците се разгледувале прашања кои со Закон и со Статутот на АД за Неметали "Огражден" Струмица се во надлежност и овластување на Управниот одбор.

Прашањата кои се разгледувале и одлуките кои се носеле на седниците на Управниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица биле од најшироките дејствија во управувањето и водењето на работењето на АД и со поставувањето на дневен ред на такви прашања и донесување на соодветни одлуки, Управниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица придонел и овозможил и покрај тешките услови на стопанисување, да работи успешно и тековно и дејствувајќи во сите околности да постигне добри производствени и финансови резултати.

Од поголемиот број на донесени одлуки од страна на УО на АД за Неметали "Огражден" Струмица со кои успешно се раководело со друштвото и со работењето, се постигнати позитивни и доходовни резултати со што се зголемило производството, продуктивноста и економичноста, неминовно е да ги истакнеме:

- делумно обновување на механизацијата, со што се зголемува продуктивноста.
- Анализа на работењето на друштвото во услови на светска економска криза и превземање мерки за ублажување на последиците од неа.

Управниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица во текот на овој извештаен период во повеке наврати темелно ги разгледувал општите акти на Акционерското друштво со цел за постигнување на подобра организација на целокупниот технолошки процес.

Покрај прашањата и одлуките кои се однесувале на тековното работење на АД за Неметали "Огражден" Струмица , Управниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица разгледувал прашања и носел одлуки и за целокупното подобрување на социјалната сигурност на работниците, подобрување на нивниот животен стандард, подобрување и зголемување на безбедноста и здравјето при работа.

Управниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица во повеке наврати одлучувал и во втор степен при заштитата на правата на работниците.

При целокупното управување и раководење со АД за Неметали "Огражден" Струмица , Управниот одбор ги користел мислењата и упатствата на соодветни стручни кадри како од вработените во друштвото така и од соодветни научни институции.

Претседател на У.О.
Маџунков Аристид

**До**
**Собрание на акционери при**
**АД за Неметали**
**"Огражден" Струмица**

# <u>И З В Е Ш Т А Ј</u>

## за работата на Надзорниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица во деловната 2014 година

Надзорниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица во состав: Туфекчиев Горге - претседател, Ивановски Томислав и Маџункова Тања - членови, по потреба во зависност од областа на ставените прашања на дневен ред и во присуство на стручни лица, во 2014 година, одржал 5 состаноци.

Надзорниот одбор состаноците секогаш ги одржувал со потребниот кворум, а одлуките се носеле секогаш едногласно.

На состаноците се разгледувале прашања кои со Законот за трговски друштва, Статутот на АД за Неметали "Огражден" Струмица и Деловникот за работа на Надзорниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица, се во надлежност и овластување на Надзорниот одбор.

Во функција на надлежноста на Надзорниот одбор, околу вршењето на надзор врз управувањето и работењето со Акционерското друштво што го вршел Управниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица , пред се, претседателот на Надзорниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица, секогаш беше присутен на секој состанок на Управниот одбор и со своето непосредно присуство и учество во работата на Управниот одбор, придонесуваше Управниот одбор својата работа, околу управувањето и работењето со Акционерското друштво, да ја врши во рамките на Законот за трговски друштва и Статутот на АД за Неметали "Огражден" Струмица.

Покрај непосредниот надзор во работата на Управниот одбор од страна на претседателот на Надзорниот одбор, Надзорниот одбор со одржувањето на состаноците на кои биле повикувани и стручни работници, вршеле надзор врз управувањето со Акционерското друштво, разгледувајки ги, анализирајки ги и донесувајки соодветни заклучоци за сите прашања и одлуки за кои расправал и одлучувал Управниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица .

Надзорниот одбор вршејки контрола над работата на Управниот одбор, му дал насоки на Управниот одбор да работи на подобрувањето на

социјалната сигурност и стандард на работниците, да се зголеми нивната безбедност и здравје при работа во согласност со Законот за безбедност при работа.

Надзорниот одбор перманетно на своите состаноци вршел надзор над актите кои ги носел Управниот одбор, со цел да се постигне подобра организација на технолошкиот процес во Акционерското друштво.

Надзорниот одбор темелно ги анализирал одлуките на Управниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица околу составот, работата и извештајот на пописните комисии кои извршиле целосен годишен попис на целокупниот имот на АД за Неметали "Огражден" Струмица , а се со цел пописот да се изврши според Законските прописи и да се заштити имотот на сите акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица .

На крајот на извештајниот период, Надзорниот одбор изврши анализа и надзор над Годишната завршна сметка за работата на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2014 г., годишниот извештај за работењето на друштвото за 2014 г., финансиските извештаи за работењето на друштвото за 2014 г., Извештајот на службата за внатрешна ревизија за 2014 година и донесе Одлука тие да бидат усвоени од Надзорниот одбор и упатени на Собранието на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица на нивно разгледување, одобрување и усвојување.

Исто така беше анализиран и одобрен производно комерцијално финансовиот план за работа на АД за Неметали "Огражден" Струмица за 2015 година, со кој се предвидува обемно производство и пласман кој ке придонесе за една социјална сигурност на работниците, а и профит на акционерите на АД за Неметали "Огражден" Струмица .

По спроведената анализа на работењето на АД за неметали "Огражден" Струмица во услови на светска економска криза, ги одобрил преземените мерки на Управниот одбор на АД за неметали "Огражден" Струмица за ублажување на последиците од истата.

Надзорен одбор
Претседател,

Туфекчиев Горге

Врз основа на член 333 од Законот за трговските друштва, Управниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 12.05.2015 година донесе

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**
**за стекнување сопствени акции со откуп**

Член 1

Управниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица предлага да се изврши стекнување сопствени обични акции со откуп.

Максималниот број на обични акции што може да се откупат да се утврди на 4.000 акции во вкупна номинална вредност од 12.000.000,00 денари.

Друштвото ке го врши откупот на сопствените акции од делот од добивките искажани од предходните години.

Член 2

Номиналната вредност на сопствените акции наведени во член 1 од оваа Одлука што Друштвото може да ги откупи да изнесува 10% од номиналната вредност на акционерскиот капитал на Друштвото.

Член 3

Откупот на акциите од член 1 на оваа Одлука да се изврши најдоцна до 05.06.2016 година.

Минималната противвредност што може да се плати за откуп на сопствените акции да се утврди на 900,00 денари за една обична акција, а максималната противвредност што може да се плати за откуп на сопствените акции да се утврди на 1.250,00 денари за една обична акција.

Член 4

Друштвото ке врши откуп на сопствените акции заради заштита на пазарната вредност на акциите.

Член 5

Откупот на сопствените акции ке се врши во согласност со правилата утврдени во Законот за хартии од вредност и другите законски и подзаконски прописи кои ги регулираат конкретните основи за пренос.

Член 6

Предлог одлуката за стекнување на сопствени акции да се стави на предходно усвојување на Надзорниот одбор на АД за неметали "Огражден" Струмица а потоа на одобрување на годишното Собрание на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на У.О.
Маџунков Аристид

Врз основа на член 333 од Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 12.05.2015 година донесе

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**
**за стекнување сопствени акции со откуп**

Член 1

Надзорниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица ГО УСВОЈУВА предлогот да се изврши стекнување сопствени обични акции со откуп.

Максималниот број на обични акции што може да се откупат да се утврди на 4.000 акции во вкупна номинална вредност од 12.000.000,00 денари.

Друштвото ке го врши откупот на сопствените акции од делот од добивките искажани од предходните години.

Член 2

Номиналната вредност на сопствените акции наведени во член 1 од оваа Одлука што Друштвото може да ги откупи да изнесува 10% од номиналната вредност на акционерскиот капитал на Друштвото.

Член 3

Откупот на акциите од член 1 на оваа Одлука да се изврши најдоцна до 05.06.2016 година.

Минималната противвредност што може да се плати за откуп на сопствените акции да се утврди на 900,00 денари за една обична акција, а максималната противвредност што може да се плати за откуп на сопствените акции да се утврди на 1.250,00 денари за една обична акција.

Член 4

Друштвото ке врши откуп на сопствените акции заради заштита на пазарната вредност на акциите.

Член 5

Откупот на сопствените акции ке се врши во согласност со правилата утврдени во Законот за хартии од вредност и другите законски и подзаконски прописи кои ги регулираат конкретните основи за пренос.

Член 6

Предлогот за стекнување на сопствени акции со откуп да се стави на одобрување на годишното Собрание на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Н.О.
Туфекчиев Горге

Врз основа на член 68 ст.1 т.12 од Статутот на АД за неметали "Огражден" Струмица бр. 01-210 од 07.03.2006 година, Управниот одбор на АД за неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 12.05.2015 година донесе:

# **<u>ПРЕДЛОГ ОДЛУКА</u>**

1. Се ОДОБРУВА Одлуката на Управниот одбор бр.02-675/1 од 24.09.2014 год. да се изврши продажба на објект сопственост на АД за неметали "Огражден" Струмица и тоа:

- Недвижен имот – лоѓии, балкони и тераси, на КП.бр.1049/1, на адреса М.ТИТО, во КО Сретеново, бр.на згр.1, намена на згр.509, влез 1, кат 01, внатрешна површина од 71 м2
- Недвижен имот – лоѓии, балкони и тераси, на КП.бр.1049/1, на адреса М.ТИТО, во КО Сретеново, бр.на згр.1, намена на згр.509, влез 1, кат 02, внатрешна површина од 65 м2
- Недвижен имот – лоѓии, балкони и тераси, на КП.бр.1049/1, на адреса М.ТИТО, во КО Сретеново, бр.на згр.1, намена на згр.509, влез 1, кат ПР, внатрешна површина од 65 м2
- Недвижен имот – деловна зграда во стопанство, на КП.бр.1049/1, на адреса М.ТИТО, во КО Сретеново, бр.на згр.1, намена на згр.509, влез 1, кат 02, внатрешна површина од 297 м2
- Недвижен имот – деловна зграда во стопанство, на КП.бр.1049/1, на адреса М.ТИТО, во КО Сретеново, бр.на згр.1, намена на згр.509, влез 1, кат ПР, внатрешна површина од 305 м2
- Недвижен имот – деловна зграда во стопанство, на КП.бр.1049/1, на адреса М.ТИТО, во КО Сретеново, бр.на згр.1, намена на згр.509, влез 1, кат СУ, внатрешна површина од 258 м2
- Недвижен имот – деловна зграда во стопанство, на КП.бр.1049/1, на адреса М.ТИТО, во КО Сретеново, бр.на згр.1, намена на згр.509, влез 1, кат 01, внатрешна површина од 303 м2
- Недвижен имот – дворно место, на КП.бр.1049/1, на адреса М.ТИТО, во КО Сретеново, култура ДМ, со површина од 2062 м2
- Недвижен имот – земјиште под зграда 1, на КП.бр.1049/1, на адреса М.ТИТО, во КО Сретеново, култура ЗПЗ 1, со површина од 379 м2
- Недвижен имот – земјиште под зграда 2, на КП.бр.1049/1, на адреса М.ТИТО, во КО Сретеново, култура ЗПЗ 2, со површина од 68 м2
- Недвижен имот – земјиште под зграда 3, на КП.бр.1049/1, на адреса М.ТИТО, во КО Сретеново, култура ЗПЗ 3, со површина од 9 м2

кој недвижен имот е запишан во Имотен лист бр 1843 за КО Сретеново издаден од страна на АКН - Катастар на недвижности, Имотен лист бр 372 за КО Сретеново издаден од страна на АКН - Катастар на недвижности .

2.Објектот од точка 1 на оваа Одлука да се продаде на купувачот Друштво за производство,угостителство,трговија и услуги ХСХ ГРУП ДООЕЛ Скопје со ЕМБС 6785972 за продажна цена од 380.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на НБРМ за еврото на денот на уплатата плус ДДВ од 18%,. Начинот на плаќањето на купопродажната цена да биде извршено со пренамена на средствата исплатени од страна на Купувачот на име позајмица по Договор 05-469 од 13.06.2014 година во износ од 23.400.900 денари, а остатокот од продажната во износ од 4.245.556 денари цена во рок од 60 дена од потпишувањето на договорот за купопродажба.

3.Се овластува генералниот директор на АД за неметали "Огражден" Струмица Аристид Маџунков да го склучи Договорот за купопродажба со купувачот на објектот наведен под точка 1 од ова Одлука.

4.Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Претседател на У. О.
Маџунков Аристид

Врз основа на член 383 и член 479 став 2 и 3 од Законот за трговските друштва, Управниот одбор на АД за Неметали "Огражден" Струмица на седницата одржана на ден 12.05.2015 година донесе

**П Р Е Д Л О Г   О Д Л У К А**

**за избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за деловната 2015 год.**

1. За извршување на ревизијата на годишната сметка за 2015 год. и за финансиските извештаи на АД за Неметали "Огражден" Струмица, Собранието на акционери да го именува овластениот ревизор ТП "Ревизија Трејд-Витанов" - Струмица, како најповолен понудувач.

2. Да се овласти Генералниот директор на АД за Неметали "Огражден" Струмица со ТП "Ревизија Трејд-Витанов" - Струмица да склучи соодветен договор со кој ке се утврдат правата и обврските на двете договорни странки.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на У.О

Маџунков Аристид